**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**
**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ**
**И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
Одделение за урбанизам, архитектура,
градежништво и заштита на животната средина
**Бр. 11-662/3**
**27.09.2023 год.**
**Гевгелија**

Градоначалникот на општина Гевгелија врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20) ја издава следната

## П О Т В Р Д А
## за заверка на одобрена планска програма

Се одобрува Планска програма за изработка на Детален урбанистички план за Блок 7.1, општина Гевгелија со тех.бр.0801-562/23 од 16.08.2023год.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Барателот Општина Гевгелија со адреса на ул.,,Димитар Влахов,, бр.5 преку полномошник Друштво за трговија и услуги ,,БИЛД УРБАН,, дооел Скопје во електронскиот систем е-урбанизам (постапка бр.55401) поднесе барање за одобрување на Планска програма заведено под арх.бр.11-662/1 од 13.09.2023год., а изработена од Друштво за трговија и услуги ,,БИЛД УРБАН,, дооел Скопје за Детален урбанистички план за дел од Блок 7.1, општина Гевгелија.

Со барањето ја приложи следната документација:

1. Планска програма со технички број 0801-562/23 од 16.08.2023год., изработена од Друштво за трговија и услуги ,,БИЛД УРБАН,, дооел Скопје.

2. Графички приказ на Планска програма со граница на плански опфат.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение број 11-94/1 од 07.02.2022година, по разгледувањето на приложената документација со барањето, констатира дека истото е основано и Планската програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог за одобрување број 11-662/2 од 25.09.2023година.

Градоначалникот на општина Гевгелија по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20). Врз основа на тоа, се одобрува планската програма и на истата се врши заверка.

Градоначалник на
општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Andon Saramandov
Digitally signed by Andon Saramandov
Date: 2023.09.27 12:50:04 +02'00'